


Васил Христов  (8. XI 1893 – 19.XI 1963) е македонски деец, член на Македонската федеративна организација и на ВМРО (Обединета). Во септември 1944 година го потпишал Апелот до Македонците во Бугарија.

Васил (Циле) Христов Колчев е роден на 8 ноември 1893 година во леринското село Зелениче. Основното образование го стекнал во родното село. Потоа посетувал теолошка семинарија во Едрене, Константинопол и Софија. Поради Првата светска војна Васил ги прекинал студиите на Софиската теолошка семинарија и бил назначен во училишниот инспекторат во Скопје.

Иако со слаба конституција, В. Христов учествувал во Првата светска војна како доброволец во бугарската армија. По војната тој се запишал на Правниот факултет на Софискиот универзитет и се приклучил на левичарското македонско младинско движење. Тој бил основач и прв претседател на читалиштето „Гоце Делчев“.

Во 1922 година В. Христов бил избран за претседател на Студентската македонска

група. Влегол во Македонската федеративна организација и кон крајот на 1922 година бил избран за секретар на нејзиното Централно раководство.

Во јануари 1923 година, Извршниот комитет на Македонските братства се споил со Федеративната организација. Но, три месеци по обединувањето, во конфликтот помеѓу ВМРО и федералистите, биле убиени водачите на Македонската федеративна организација (МФО), архитектот Никола Јуруков и Климент Размов. Во есента 1923 година, двајцата федералисти Васил Христов и Петар Тараљамов биле прогонувани од членови на ВМРО. Тараљамов бил фатен и убиен, а Христов успеал да побегне во странство.

В. Христов се населил во Париз, каде што бил член на Привремениот секретаријат на тамошната федеративна група. Групата влегла во соработка со ВМРО (обединети). Тој бил делегат на федералистите на Берлинската конференција на ВМРО (обединета) во август 1929 година. По завршувањето на конференцијата, новоизбраниот ЦК на ВМРО (обединета) го испрати В. Христов како свој претставник во Цариград, каде што развил активности меѓу македонската емиграција.

Во Цариград В. Христов дипломирал стоматологија. Во 1937 година се вратил во Софија и таму работел како стоматолог.

По 9-септемврискиот пуч во септември 1944 година, Васил Христов е еден од потписниците на Апелот до Македонците во Бугарија, со кој под мотото „Македонија на Македонците“ се бара сојуз со СР Македонија и разделување на Пиринска Македонија од Бугарија,

Во 1946 година, В. Христов учествувал во комисијата за македонска народна уметност при Македонскиот научен институт заедно со Михаил Сматракалев и Анастас Дудулов, објавувајќи прилози во списанието „Македонска мисла“. Го подготвувале и создавањето на „Етнографски музеј на материјалната домашна култура на македонскиот народ“ од веќе постоечката збирка во Министерството за образование и култура. Васил бил основачки член на Македонското културно-просветно друштво „Гоце Делчев“ и неколку пати бил избиран за негово раководство. Тој бил и член на Централното раководство на Сојузот на македонските културно-просветни друштва во Бугарија.

Васил Христов починал на 19 ноември 1963 година во Софија.



Подготвил: Т.К.